Џ

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 104/0306
14.06. 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на јавна седница одржана на 04.06.2024 година, врз основа на примена жалба од „Квир Центар“ од Скопје ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

**Жалбата е неоснована. Текстот, објавен во „Фокус“ на 11.05.2024 г., со наслов „Евровизија 2024: Наместо елеганција и рефрени кои траат, натпревар за поголема екстремност и контроверзија“ не отстапува од главните етички стандарди.**

**ЖАЛБА**

Здружение за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ на 12.05.2024 поднесе претставка до Извршната канцеларија за Жалбената комисија на СЕММ, дека спротивно на новинарската практика Фокус во објавениот текст извршил прекршување со неточно и нефер известување, говор на омраза, дискриминација и мешање на факти и мислења, вест и коментар.

Во претставката меѓу другото стои:
...„Во денешницата, информациите стануваат главен дел од нашиот секојдневен живот. Пристрастното информирање, во многу случаи, создава неурамнотеженост во начинот на кој ги поимаме настапите во светот околу нас, а Медиумите, често се конфронтирани со предизвиците на пристрастноста. Наместо да пренесуваат објективни вести, некои медиуми се потчинуваат на политички, идеолошки или комерцијални влијанија. Ова не само што ги става во заблуда гледиштата на гледачите и читателите, туку и ги загрозува основните принципи на новинарството. Пристрана и неурамнотежена вест е информативен извештај кој е од лични или институционални интереси, политички или идеолошки убедувања, или комерцијални цели. Таква вест не обезбедува објективно разгледување на настапите и може да биде искривена или непотполна, што води до неурамнотеженост во информирањето и може да влијае на разбирањето на јавноста за одреден настан или тема.
Пристрасна вест е информативен извештај кој прикажува субјективно гледиште и предизвикува емоции, вообичаено во поддршка на одредени личности, групи, идеи или ставови.

Таквите вести често се креирани со цел да влијаат на мислењето или чувствата на публиката, наместо да обезбедат објективна и целосна слика за настаните или темите кои се разгледуваат. Говорот на омраза врз свој личен став се однесува на изразување, дискриминација или напади кон одредена личност, група или заедница, базирани на нивната раса, религија, пол, сексуална ориентација или други карактеристики.
Ова може да вклучува распространување на пристрасни или коментари преку различни медиуми или социјални платформи. Говорот на омраза не само што ја навредува и загрозува целокупната заедница, туку ги крши правата на човекот. Важно е да се почитуваат различноста и да се избегнуваат таквите изјави кои можат да предизвикаат негативни последици.

Издвојуваме негативни реченици од страна на Фокус и новинарката Вики Клинчарова: Барем годинава, на сцената можеме да видиме пејачи со сатански стил, мажи стегнати во латекс корсети, мажи во танга и мрежасти хулахопки, жени кои како да настапуваат во стриптиз бар, а не на големата евровизиска сцена ; Евровизија 2024: Наместо елеганција и рефрени кои траат, натпревар за поголема екстремност и контроверзија ; Сега, како да станува збор за натпревар на кој ќе се покаже поголема контроверзност, голотија, екстремност, и на прсти можат да се избројат оние изведувачи кои се одлучиле за модерно и елегантно издание, со цел во центарот на вниманието на публиката да биде песната која се изведува, а се повеќе

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

внимание се посветува на што е можно поекстремниот настап ; Како едно големо евровизиско ,,чудо" кое на некој начин како да ја предизвика оваа невообичаена промена на Евровизија, беше настапот на Кончита во 2013 година, кога пејачот со брада настапи облечен и стилизиран како жена; па дури и по цена на невкус и непочитување кон евровизиската публика која на сцената бара квалитетни песни и сценографија со која достоинствено се претставува една земја.

А Коментарите од публиката се над 145 и Ви ги препуштам сами да оцените дали се со говор на омраза и дискриминација. За крај со својата моќ на формирање на јавното мислење, новинарите имаат одговорност да промовираат толерантност, разбирање и рамноправност кон сите лица и заедници, а не да ги задоволуваат и поттикнуваат дискриминативните верувања и постапки".

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Жалбената комисијата на СЕММ, преку Извршната канцеларија на 03.06.2024 испрати известување до медиумот за примената жалба со сите детали што ги наведува жалителот. Истовремено е побарано од медиумот да се изјасни дали ја прифаќа жалбата или да одговори зошто ја отфрла, како и дали се подготвени постапката да заврши по пат на медијација. Во одговорот од медиумот испратен преку авторката на текстот, меѓу другото се наведува:

...„Секако дека ја отфрлам жалбата, и не можам, а да не констатирам дека Квир Центарот неосновано се пронашол во критички настроениот текст, каде не се мета на критика учесници од ЛГБТ+ заедницата, туку генерално, поголемиот дел на учесници на Евровизија, без разлика на нивната сексуална ориентација или родова определба.

Сепак, Евровизија не е настан наменет за учество само и исклучително на ЛГБТ+ претставници, туку е манифестација каде во преден план е квалитетна песна, талентирани учесници, сценски настап со кој се претставува најдоброто од една земја, а определбата воопшто не е тема од јавен интерес. (Иако во последните години сведочиме на претставници кои свесно и намерно ја користат својата определба, со цел да добијат наклонетост од ЛГБТ+ лобито).

Годинава, за жал, ништо од тоа не видовме на сцената, што не е само моја лична констатација како на автор на текстот, туку и на илјадници граѓани кои се љубители на настанот и го следат со години, а своите ставови уште по првата полуфинална вечер, пред да се објави мојот текст, масовно ги објавуваа на социјалните мрежи.

Во жалбата гледам доставена е и фотографија од дел од учесниците, а која беше објавена со текстот, но искрено не знам од каде Квир Центарот проценил дека сите фотографирани учесници се дел од ЛГБТ+ заедницата? Колку што сум информирана, никој од оние на фотографијата јавно не се декларилал како ЛГБТ+, па нејасно е зошто критиката за

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

повеќето сценографии и аутфити се сфаќа како критика наменета стриктно за ЛГБТ+ популацијата.

Ми се наметнува прашањето, дали Квир Центарот ја гледа Евровизија единствено како настан наменет за промоција на ЛГБТ+ и нивно прифаќање во светотот, или како музичка манифестација, една од најпопуларните во светот, каде е дозволена слобода на медиумско изразување, дури и ако станува збор за критика, без разлика дали е наменета за квалитетот на песните или пак за костимографијата и сценскиот настап на учесниците?“...
...„Евровизиските учесници се јавни личности и мора да се носат достоинствено со сите критики на сметка на нивното претставување, без разлика дали се позитивни или негативни, а во кои притоа никаде и не е спомната нивната определба, која верувам на повеќето следачи на настанот кои очекуваа добра музика и сценографија, воопшто и не им е важна.“

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Во текстот со наслов „Евровизија 2024: Наместо елеганција и рефрени кои траат, натпревар за поголема екстремност и контроверзија“, објавен во „Фокус“ на 11.05.2024, не се прекршени главните етички правила, поточно ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија. Медиумот, сепак, не го почитувал членот 20, став 3 од Насоките за етичко известување во онлајн медиуми, кој се однесува за одговорност на медиумот за коментарите на социјалните мрежи.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата го разгледа спорниот текст и утврди дека без сомневање станува збор за тема од голем интерес на јавноста со потенцијал за кршење на етичките стандарди во важни области, како што се почитување на различностите и избегнување на говор на омраза кон малцински и ранливи групи.
Дел од оценките на членовите на Комисијата беа дека говорот во текстот е на самата гранична линија да биде оценет како софистицирано поттикнување на говор на омраза кон одредени малцински ранливи групи, како што е ЛГБТ+ заедницата, бидејќи како нешто негативно се врамува појавата на мажи пејачи во женска гардероба. Всушност станува збор за проблематичност на два пасуса во текстот:

„Сега, како да станува збор за натпревар на кој ќе се покаже поголема контроверзност, голотија, екстремност, и на прсти можат да се избројат оние изведувачи кои се одлучиле за модерно и елегантно издание, со цел во центарот на вниманието на публиката да биде песната која се изведува, а се повеќе внимание се посветува на што е можно поекстремниот настап.

Барем годинава, на сцената можеме да видиме пејачи со сатански стил, мажи стегнати во латекс корсети, мажи во танга и мрежасти хулахопки, жени кои како да настапуваат во

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

стриптиз бар, а не на големата евровизиска сцена. Настанот, според она кое се нуди, дури и треба да има возрасно ограничување за најмладата публика, е коментар кој често може да се слушне“.

Сепак, Комисијата оцени дека вака срочениот текст не ги исполнува условите да биде оценет дека е говор на омраза или дискриминациски или стигматизирачки говор, кои што се нормирани во член 10 од Кодексот на новинари на Македонија. Исто така, дел од членовите на Комисијата сметаа дека има услови за прекршување на член 13 од Кодексот, кој што забранува мешање на факти со коментари во новинарскиот производ. Аргументите на овие членови беа непрецизност на рубриката каде што е објавен текстот, како и коментарите во самиот текст, почнувајќи од насловот.

Но и овој пат мнозинството од Комисијата сметаше дека не се исполнети условите за примената на овој член. Имено главниот аргумент со кој што се согласија сите присутни членови на Комисијата беше дека станува збор за текст кој по својата жанровска определба е осврт. А освртотот е поджанр на коментарот, па од тука, дури и оние малку коментаторски елементи се апсолутно дозволени од авторот, односно медиумот.
Комисијата, исто така, имаше предвид дека аргументите изнесени во текстот кои би можеле да бидат протолкувани како проблематични се факти за кои пишуваа сите медиуми, а личниот став односно коментирањето на новинарот во текстот не ја преминува линијата на нужно почитување на различностите и дека не може да стане збор за говор на омраза или друг тип неприличен говор кој поттикнува дискриминација или стигматизација.

Од тука, Комисијата со мнозинство гласови заклучи дека нема прекршување на ниту еден член на Кодексот.

Она што заеднички го констатираше Комисијата беше дека има непримена на Насоките за етичко известување на онлајн медиумите, но бидејќи нема прекршување на член 10, Комисијата оцени со мнозинство гласови дека во овој случај непочитувањето се однесува на нормата 23 од Насоките, став 3, во чиј дел се наведува:
**Онлајн медиумот е одговорен и за содржините на коментарите поставени кон новинарските содржини на медиумот објавени на неговиот профил на социјалните мрежи.**

Комисијата и во оваа прилика ја нагласува препораката до сите онлајн медиуми да ги почитуваат Насоките, покрај Кодексот, а особено насоката за прифаќање на одговорноста за модерирање и контрола на коментарите, без оглед што изворно таа содржина не ја пишува медиумот.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство гласови одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби

Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595